Министерство за економија

ИЗВЕШТАЈ
**од спроведени консултации по Законот за изменување и дополнување на предлог Законот за основање на Агенцијата за енергетика**

Министерството за економија со цел воведување реформи во јавната администрација и усогласување со Законот за државни службеници, изготви Предлог текст на Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на агенција за енергетика. За Предметниот Закон се изготви и Образец 1-Планм за спроведување на проценка на влијанието на регулативаsta и Образец број 2 Иницијална проценка на влијание на регулативата..

Со предложените измени на законот се менува статусот на постојано вработените во Агенцијата, на начин што за истите е предвидено добивање статус на државни службеници, чии права и обврски од работниот однос ќе бидат регулирани согласно Законот за државни службеници, наместо досегашниот Закон за работни односи.

Предметниот Закон со образложение и РИА со писмен допис година беше доставен до следните институции, и тоа:

- Кабинет на заменик Претседател на Владата задолжен за економски прашања
- Кабинет на заменик Претседател на Владата задолжен за спроведување на Рамковен договор
- Министерство за финансии
- Министерство за информатичко општество Секретаријат за законодавство
- Агенција за енергетика
- Агенција за администрација

Согласно предметниот допис, од надлежните институции се побара своето мислење по предлог Законот да го доставата до Министерството за економија најдоцна до 06.07.2012 година.

Исто така Министерството за економија предметниот Закон со РИА образците на 02.07.2012 година се објави на Електронски национален региста на прописи (ЕНЕР) . Исто така на 11.07.2012 година предметниот Закон с еобјави на веб странаta на Министерството за економија. До утврдениот рок до Министерството за економија пристигнати се следните мислења, и тоа:

1. ***Агенција за администрација***
   ***Мислење***: Агенцијата за администрација нема забелешки по предлог Законот

2. ***Министерство за информатичко општество и администрација***
   ***Мислење***: Министерството за иинформатичко општество и администрација во своето мислење укажува дека Министерството за економија Предлог Законот со

РИА обрасците треба да биде објавен и на веб страната на Министерството за економија. Исто така се укажува да се изготви и Извештај од озвршени консултации кој треба да биде објавен на ЕНЕР и на веб страната на Министерството. Министерството за информатичко општество и администрација смета дека Предлог Законот по комплетрирање со пропишаните прилози и поставување на истиот на веб страната на Министерството и на ЕНЕР ќе може да биде доставен на разгледување до Владата.

***Постапено***: Согласно забелешките Министерството за економија на 11.07.2012 година предлог Законот со РИА обрасците с еобјавени на веб страната на Министерството. Во однос на Извештајот, Министерството изготви Извештај з аизвршени консултации и истиот ќе с еобјави на ЕНЕР и на веб страната на Министерството.

3. ***Агенција за енерегетика***
***Мислење***: Агенцијата за енергетика во своето мислење укажува дека статусот на вработените согласно Информацијата за статусот на вработените во Агенцијата за енергетика на Министерството за информатичко општество и администрација вработените треба да се стекнат со статус на јавни службеници. Агенцијата не се согласува со предложените измени и смета дека вработените во Агенцијата треба да се стекнат со стаус на јавни службеници.

***Образложение***: Забелешките не се прифаќаат. Во Информацијата за статусот на вработените во Агенцијата за енергетика изработена од Министерството за информатичко општество и администрација на која се повикува Агенцијата за енергетика на Република Македонија, беше наведено дека статусот на вработените во Агенцијата за енергетика на РМ треба да бидат јавни службеници поради тоа што Агенцијата за енергетика врши регулирана енергетска дејност. Во однос на ова Министерството за економија изготви мислење број 12-3669/2 од 27.04.2012 според кое:
Согласно член 3 точка 89 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија број 16/2011 и 136/2011) регулирана енергетска дејност е енергетска дејност преку која се извршува обврска за јавна услуга и се врши под услови, на начин, цени и тарифи пропишани, односно одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. Во член 4 од Законот за енергетика се наведени дејностите од областа на енергетиката во смисла на овој закон и при тоа е уредено дека дејностите од точките 1 до 9 се регулирани енергетски дејности. Во истиот член како исклучок на ова е наведено дека регулирана дејност ќе се смета и производство на електрична енергија за потребите на снабдувачот во краен случај.
Во членот 5 од истиот Закон е уредено дека дејностите од член 4 независно дали се регулирани или не, можат да ги вршат домашни и странски лица врз основа на лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика. За да се стекнат со лиценца за вршење на енергетска дејност, странските лица основаат подружница регистрирана во трговскиот регистар што го води централниот регистар на Република Македонија. По исклучок од ова, лиценца за вршење на

регулирана енергетска дејност може да се издаде само на трговски друштва или јавни претпријатија регистрирани во Република Македонија. За стекнување на лиценца за вршење на регулирана енергетска дејност, странското лице основа трговско друштво, кое се запишува во трговискиот регистар што го води Централниот регистар на Република Македонија.
Во членот 6 од Законот за енергетика вршителите на регулираните енергетски дејности се должни да ги исполнуваат обврските за обезбедување на јавна услуга. Со услугите кои што ги даваат вршителите на регулираните енергетски дејности се обезбедува сигурна, квалитетна и непрекината испорака на енергија и енергенти на потрошувачите под еднакви услови, цени и тарифи, имајќи ја предвид потребата за подобрување на енергетската ефикасност и заштитата и унапредувањето на животната средина.
Во лиценцата за вршење на регулираната енергетска дејност се наведува обемот и содржината на услугите пропишани со овој закон, подрачјето на кое се обезбедуваат јавните услуги, како и времетраењето на обврската за обезбедување на јавната услуга. Регулаторната комисија за енергетика има донесено Правиланик за лиценци за вршење на енергетски дејности (Службен весник на Република Македонија 143/2011).
Во врска со напреднаведено произлегува дека Агенцијата за енергетика на Република Македонија не врши регулирана енергетска дејност ниту која било друга енергетска дејност согласност член 4 од Законот за енергетика.

На ЕНЕР во делот на коментари по предлог Зкаонот нема доставено коментари.